Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-176/3
20-04-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-176/1 од 15.02.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје против лицето [redacted] од Скопје за сторена дискриминација врз основ на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 11.04.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основ на етничка припадност сторено од страна на [redacted] од Скопје врз [redacted] и припадници на влашката етничка заедница во областа на јавно информирање и медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 15.02.2023 година е доставена претставка бр. 08-176/1 од страна на лицето [redacted] Скопје. Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација по основ на етничка припадност врз него како етнички Влав, како и воопшто спрема влашката етничка заедница од страна на лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted] Скопје.

Имено, подносителот во претставката наведува дека лицето [redacted] на социјалната мрежа „FACEBOOK" од својот личен профил преку компјутерски систем на 03.01.2023 година со објава на содржина - статус во јавноста имала намера во да предизвика одбивност кон влашката етничка заедница, ширејќи теории на конспирација, лаги и фантазии, а со тоа директно да дискриминира, како и да предизвика вознемирување и сегрегација. Објавениот текст – статус бил со содржина:

„#4тамакедонскарепублика

Анализа на состојбите на терен

Влашка завера
Решавањето на македонскиот јазол не може да бидне без отворање на прашањето за улогата на Власите во разнебитувањето на македонската држава.

Власите се етничко малцинство во Македонија, кое ги ужива сите малцински права според Меѓународното право и пракса за малцинства.
Секое право носи со себе и обврска. Дали Власите ги почитуваат обврските што произлегуваат од Меѓународното право и пракса за малцинства?
Дали Власите се лојални граѓани на Македонија?

1. Идентитет

Идентитетот на еден народ е внатрешна работа на самиот народ. Самоопределбата е неприкосновено право на секој народ. Сепак, ова неприкосновено право подлежи на објективни (историски) параметри врз кои треба да се темели неприкосновеноста на идентитетот.

Власите/Цинцарите се несомнено засебна етничка заедница со своја историја, традиција, култура, јазик и врз таа основа се признати како етничко малцинство во Македонија.

Во поново време, сепак, јавниот простор се повеќе се контаминира со изјави на Цинцари кои тврдат дека Власите се всушност вистинските Македонци, дека тие се правите наследници на древните Македонци и дека влашкиот јазик е вистинскиот јазик на древните Македонци. Оваа небулоза стои дури и во еден од новите учебници по историја. Својот древно-македонски идентитет Цинцарите го аргументираат со тезата на германо-нордиско-езуитската школа за фалсификување на историја, дека Словените се дојдени од зад Карпатите. Значи ние сме Словени, тие се Македонци.

Фактот дека Словен не е етничка категорија, туку културолошка – упорно го игнорираат. Фактот дека тие се попишуваат како Власи, а ние како Македонци, исто така го занемаруваат. Традицијата на идентитетска шизофренија кај нашите соседи и кај нашите малцинства продолжува.

Секако Власите не би се дрзнале на ваква срамна ступидност ако не стои позади нив агенда на странски фактор, што нам Македонците ни е позната со векови.

2. Држава/политички систем

Цинцарите се народ без држава. Тие никогаш не успеале да прераснат во политичка нација. Но, затоа успешно се инфилтрираат во туѓи нации и пробуваат одвнатре да ја украдат нацијата на другиот народ преку окупирање на целокупниот политички систем.

Македонската нација е саботирана од Цинцарите токму на тој начин.

- Македонското знаме и македонската химна беа заменети со про-влашки симболи и наративи.
- Политичката елита, од осамостојувањето до денес, е речиси исклучиво во рацете на Цинцари.
- Двете најголеми политички партии на Македонците сосе сателитите се очебијно влашки дувла (видете три коментара).
- Државната администрација е доминирана од Цинцари.
- Судството е контролирано од Власи.

3. Образование

Јавна тајна е дека УКИМ е убедливо најзасмрденото влашко дувло. Влашки кланови со деценији го руинираат македонскиот образовен систем преку негативна/племенска селекција на подобни и неподобни кадри, кои понатаму ги безОБРАЗоваат младите.

4. Олигархија

Транзицијата, своевиден државен пуч, спореведена на крајно криминален начин беше една од најмрачните влашки завери против Македонците. Сите општествени фирми со меѓународно реноме и солиден капитал беа шитнати за беспари и исклучиво на Власи.

5. Банкарски сектор

Банкарскиот сектор е доминиран од Власите. Ако се земе предвид дека функционалноста на една држава е во голема мера зависна од банките, тогаш не треба да изненадува државната политика во Македонија.

5. Црква

Ако се чудите зошто Црквата е против македонскиот народ во клучните историски неприлики што не задесија во поново време, да не се чудите повеќе: Црквата е уште едно непроветрено дувло на Цинцарите.

6. Општествена елита

Во Македонија интелектуалната и културна елита ја сочинуваат исклучиво Власи. Сè што е македонско се затрупува, се игнорира, се сопка, се брише. На сметка на тоа „прогресивни" Цинцари ни ја креираат општествената реалност и затоа е на ниво на мочуриште.

7. Граѓански сектор

Фондацијата на Сорош, како главна машинерија за производство на удбашко-влашки кадар е уште една моќна политичка алатка локално управувана од Власите.

Ако се земат предвид горенаведените аргументи, кои секој граѓанин може да ги провери и испита, влашката завера е реална и опасна состојба во македонската држава. Последиците од Влашкото паразитарење на сметка на здравото македонско ткиво се драконски. Стотици илјади македонски семејства, чистокрвни Македонски и Македонци, се принудени да ги напуштаат своите вековни огништа, своите имоти, токму како резултат на влашката завера, за денес да гледаме како Цинцарите, потпомогнати од вековните душмани на Македонците, создаваат своја политичка нација и држава на окупираната македонска земја.".

На крај, подносителот во претставката наведува дека се чувствува за оштетен од пишаното и бара од Комисијата да постапи во согласност со член 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во прилог на претставката како доказ е доставена копија на слика од направената наведена објава.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата со Барање за изјаснување бр. 08-176/2 преку препорачана пошта достави копија од претставката до потенцијалниот дискриминатор на 17.03.2023 година. Лицето [redacted] во рамки на доставата преку пошта не го подигнала, односно примила испратеното барање.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Во смисла на член 5 од истиот Закон, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Согласно член 8 став 1 пак, од наведениот Закон, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Вознемирување, согласно член 10 од наведениот Закон, е секое несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на закануvачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката и имајќи ја во предвид својата досегашна пракса (имено Мислење бр. 08-18/3 од 24.03.2023; Мислење бр. 08-306/3 од 31.10.2022 едногласно утврди дека со објавата на текстот од личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK" лицето [redacted] сторила вознемирување врз основ на етничка припадност врз подносителот [redacted] и воопшто врз припадници на влашката етничка заедница.

Имено, Комисијата анализирајќи ја содржината на текстот од објавата, утврди дека текстот на начинот на кој е напишан, иако е можеби објавен или може да се смета дека претставува изнесување на вредносни ставови, сепак на несоодветен начин користи наратив во кој се содржани одредени квалификации, епитети и поими во форма на назив што се вознемирувачки и понижувачки за определена група на лица, при што влијае на чувството на припадност кон одредена етничка заедница или доведува до повреда на достоинството на истите. Користењето на таков наратив, меѓу другото со користење на изрази како „Цинцарите", „влашки дувла", „УКИМ е убедливо најзасмрденото влашко дувло", „Црквата е уште едно непроветрено дувло на

Цинцарите", „удбашко-влашки кадар" и слично, создава презир кон една цела група на лица припадници на етничката влашка заедница. Комисијата смета дека ваквиот говор е неприфатлив во едно демократско општество и дека доколку на ист начин е воспоставен и практикуван во континуитет, не само што би предизвикувал повреда на достоинството, резултирајќи со непријателска и понижувачка средина, пристап или практика за определена група на лица, туку во иднина може да создаде и наталожи чувство на омраза кон таа група на лица, кулминирајќи со потешки противправни повреди како што се дела од омраза.

Во таа насока, Комисијата го цени правото на сопствен став, слободата на мисла, уверување и на изразување, но сепак смета дека вакви или слични текстови, кои за цел имаат изразување на одредено мислење, со кое пак може да започнат одредена дискусија, треба да имаат неутрална содржина со цел поттикнување на објективна дискусија за предметната тема, притоа имајќи ги во предвид угледот, достоинството и правата на други лица или групи на лица.

Комплементарно на горенаведеното, а во врска со слобода на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, Комисијата истакнува дека со човековите права и слободи, исто така, доаѓаат и одредени обврски, меѓу кои и таква која се состои во тоа колку е можно повеќе да се избегнуваат изјави и тврдења кои се неоправдано и неосновано навредувачки за другите, причинувајќи напад врз нивните права и слободи. Следствено на тоа, попречувањето на слободата на говорот на одредени лица од страна на властите, може да се смета за разумно доколку тоа е неопходно во едно демократско општество заради заштита на угледот и правата на другите.

Комисијата го цени, со Уставот на РСМ и меѓународните акти, загарантираното право, односно слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, како и слободата на говор, но исто така во предвид ја има и меѓународната судска пракса, пред се праксата на Европскиот суд за човекови права која се однесува на практикувањето на овие слободи и нивното ограничување. При оправдувањето на мерките кои во одредена мера ги санкционираат, односно ограничуваат горенаведените слободи, во предвид се земаат следните елементи: можноста правото да биде условено или санкционирано да е јасно утврдена и предвидена во правен пропис, истото да има легитимна цел и изречената мерка да ја оправдува целта, односно да го ограничи правото во онаа мера доволна за отстранување на повредата и предизвиканите штетни последици.

Следствено, токму во членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, кој се однесува на слободата на изразување, во ставот 2 е утврдено дека остварувањето на таквата слобода вклучува обврски и одговорности и може да биде предмет на одредени услови, ограничувања и санкции кои во едно демократско општество претставуваат неопходни мерки, меѓу другото, за заштита на угледот или правата на другите.

Согласно горенаведеното, објавениот текст несомнено претставува вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што се повредува достоинството и се создава понижувачка и непријателска средина за оваа

група на лица. Вознемирувањето е определено како противправно дејство – прекршок за што е предвидена и соодветна санкција, додека Комисијата согласно член 27 став 2 од Законот дава препорака како мерка за отстранување на истото.

Како легитимна цел за таквата препорака, односно мерка е отстранување на повредата на достоинството, односно отстранување на понижувачката и непријателска средина за оваа група на лица, со што се исполнуваат елементите така објавениот текст да не е во линија со загарантираните горенаведени слободи, туку напротив истиот да биде ограничен и санкциониран согласно праксата на Европскиот суд за човекови права и во смисла на член 10 став 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права (Pavel Ivanov v. Russia 35222/04, Vejdeland and others v. Sweden 1813/07, Beizaras and Levickas v. Lithuania 41288/15 итн.). Дотолку што таквиот текст е во спротивност со основните вредности кои произлегуваат од човековите права и слободи, а тоа се недискриминацијата, толеранцијата и социјалниот мир.

Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

ПРЕПОРАКА

1. Се препорачува лицето [redacted], со адреса на живеење на [redacted] Скопје, по добивањето на мислењето со препораката да го избрише објавениот текст на својот личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK“ и за истото да ја извести Комисијата во рок од 30 дена од денот на добивање на мислењето.

2. Се препорачува лицето [redacted] во рокот од точка 1 на оваа препорака, преку објава од својот личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK“ јавно да се извини на припадниците на влашката етничка заедница.

3. Се препорачува лицето [redacted] во иднина да се воздржи од вакви објави во било кој медиум и во било кој формат, односно објавите колку е можно повнимателно да ги формулира, со цел истите да не претставуваат вознемирување.

Претседател на Комисија за
спречување и заштита од
дискриминација,
Исмаил Камбери

*Доставено до:*

1. [redacted]
2.
3. *Архива на Комисијата*